*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-132*
*27.08.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.2), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од западна страна границата оди по осовина на собирна ул. „Партизанска" по ГУП
- од североисточна страна границата е по осовина на ул. „Борис Крајгер"
- од јужна страна границата е по осовина на ул. "7-ми Конгрес"
- од источна страна границата е по граница на ДУП

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 68635,63m2 .

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/ ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.



Scanned with CamScanner



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 30 август 2024 год (петок) и истиот ќе трае до 13 септември 2024год (петок).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И ДЗ - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/ ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 септември 2024 (понеделник) до 15 октомври 2024 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 септември (четврток) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



Scanned with CamScanner